**20081422896**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО И НЕДОСТОЈНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 ноември 2008 година.

Бр. 07-4884/1
6 ноември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО И НЕДОСТОЈНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ**

Член 1

Во Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари („Службен весник на Република Македонија“ број 89/2004), насловот на Главата III „КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ“ се менува и гласи: „ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ“.

Член 2

Членот 13 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, доколку постапи спротивно на одредбите од членот 3 на овој закон.“

Член 3

Во членот 14 став 1 воведната реченица се менува и гласи: “Глоба во износ од 1.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на организаторот на спортскиот натпревар, ако:“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице на организаторот за прекршокот од ставот 1 на овој член.“



www.pravdiko.com

Член 4

Во членот 15 став 1 зборовите: “Со парична казна од 10.000 до 300.000 ќе се казни спортскиот клуб“ се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 1.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на спортскиот клуб“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице на спортскиот клуб за прекршокот од ставот 1 на овој член.“

Член 5

По членот 15 се додава нов член 15-а, кој гласи:

“Член 15-а

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоците предвидени во овој закон Министерството за внатрешни работи води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.“

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.com